Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

## од Сто педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 септември 2019 година

**Скопје, септември 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 септември 2019 година**

Седницата започна во 13:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- ✓ Усвојување на Записникот од Сто четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 август 2019 година

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Состојби и напредок во процесот на Европска интеграција

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.65/19-КО Карпош)

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-503/19 Куманово)

3. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-504/19 Куманово)

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-505/19 Куманово)

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-506/19 Куманово)

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-507/19 Куманово)

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-508/19 Куманово)

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-509/19 Куманово)

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-510/19 Куманово)

10. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-511/19 Куманово)

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-512/19 Куманово)

12. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-513/19 Куманово)

13. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-514/19 Куманово)

14. Информација со Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

15. Информација за преземање иницијатива и напредок во процесот на усогласување на текстовите на Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македнија и Центарот за проценка на ризик во ланецот на исхрана на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика и Договорот

помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Агенцијата за безбедност на храна на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика

16. Информација за реализација на Проектот за реконструкција на спортска сала „Младост" во Општина Неготино

17. Предлог-одлуки за давање согласност на Решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 26 моторни возила и компјутерска опрема) во кривична, прекршочна и управна постапка и Предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети

18. Предлог-одлука за продажба на движна ствар-патничко моторно возило

19. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

20. Информација во врска со потребата за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на правата на недвижностите во јавната книга за запишување на правата на недвижности во корист на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

21. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ставар на Здружението за заштита на културното наследство на град Дебар „ДЕБОРУС"-Дебар

**б) економски систем и тековна економска политика**

22. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година и Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година

23. Информација за продажба на недвижни ствари во Охрид, сосопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии

24. Информација за продажба на недвижна ствар во Кичево, сопственост на Република Северна Македонија-корисник Министерство за финансии, со Предлог -одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изработка на објект со намена Е2-комунална супраструктура (производство на елекртична енергија-термоелектрана на биомаса и биогас) КО Оздолени, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со основна класа на намена Б5-хотелски комплекс КО Свети Николе, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

27. Информација по Предлог- одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

**в) политички систем**

28. Информација за подигнување на статусот на Република Северна Македонија во Заедницата на демократии и поднесување барање за стекнување статус на земја членка на Управниот одбор на ЗНД

29. Информација со Предлог-платформа за учеството на делегацијата на Република Северна Македонија на 74-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации

30. Предлог-уредба за обезбедување на тајност, заштита и безбедност на податоците содржани во интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи

31. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за соработка во областа на борба против трговија со луѓе

32. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договор меѓу Владата на Сојузна Република Германија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во борба против криминалот

33. Информација за обезбедување на дополнителни финансиски средства за финансирање на политичките партии за 2019 година и за Партиско истражувачко - аналитичките центри

34. Информација за пристапувањето на Република Северна Македонија во стратегијата за Јадранско - Јонскиот регион

35. Информација за подготовка на шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 2 октомври 2019 година во Брисел

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

36. Предлог-закон за изменување и дополнување на Закон за правда за децата

37. Информација за текот и прогресот за отварање на центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Северна Македонија

38. Информација по доставено барање одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Амичи“ во Кочани, со Предлог-одлука

39. Информација по доставено барање одобрение за основање приватна установа за деца - детска градинка „Ујет“ во Скопје, со Предлог-одлука

40. Информација за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Тиа“ од Тетово, со Предлог-одлука

41. Информација во врска со потребата од обезбедување на простор за НУ Театар комедија - Скопје

Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

42. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци

**б) политички систем**

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје Јасен

44. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Азербејџан

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Медицински симулациски центар

**г) предлози по кои Владата дава мислење:**

46. Барање за давање на автентично толкување на член 9 став (4) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), поднесено од пратеникот Хари Локвенец

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

47. Понуда од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.445 КО Подмол на КП бр.276 викано место/улица Село

48. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за првенствено купување на идеални делови на Александар Палевски од Скопје недвижен имот со ИЛ бр.53043 и ИЛ бр.53044 за КО Визбегово

49. Понуда од нотар Наташа Велеска од Прилеп за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.147 за КО Лениште и Имотен лист бр.576 за КО Лениште

50. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за купување на недвижен имот по право на првенствено купување со Имотен лист бр.8456 за КО Сарај КП 11271

**д) други предлози**

51. Кадровски прашања

52. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

53. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година во Министерството за надворешни работи

54. Информација за статусот на активностите поврзани со изработка на Државната урбанистичка планска документација за Технолошко индустриска развојна зона-Липково, КО Никуштак, Општина Липково

55. Тримесечен финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - Берза - Скопје за период април-јуни 2019 година

56. Информација во врска со намалување на рокот од 15 дена во кој Управата за јавни приходи изготвува решение за ДДВ регистрација

57. Извештај за извршувањето на потставките 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари до 30 јуни 2019 година

58. Информација за отпочнување со реализација на проектот Изградба на дел од фекална канализација за Индустриска зона Визбегово, Општина Бутел

Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

59. Информација за предлог Спогодба помеѓу Владата на Република Црна Гора и Владата на Република Северна Македонија за заедничко признавање на доверливи услуги кои се користат во Република Црна Гора и Република Северна Македонија

60. Предлог-закон за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија

61. Информација за исполнетост на условите на Реј Греен Доо Скопје за вршење дејност одгледување на канабис за медицински цели

62. Информација во врска со одржување Собрание на акционери на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 18.9.2019 година

63. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

64. Предлог-одлука за именување на гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој

65. Предлог-одлука за именување на гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите

66. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2019 година

67. Предлог-програма за изменување на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2019 година

68. Информација со барање за обезбедување на финансиски средства за изработка на проектна документација и реализација на пречистителна станица за отпадни води за населено место Арачиново, Општина Арачиново

*

*　　*

Владата без забелешки го усвои записникот од 149-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 13 август 2019 година.

*

*　　*

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок во процесот на Европска интеграција**

Владата на предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, по однос на статусот на Проектот за изградба на третата фаза од железницата кон Република Бугарија ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура да одржат средба, на која да ја разгледаат опцијата за издвојување на тунелот што треба да се изгради на територијата на Република Северна Македонија и Република Бугарија од третата фаза, од железницата кон Република Бугарија и за заземените ставови на наредната седница да ја информираат Владата.

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура, во најкус рок да подготват акциски план за иселување на 25 дивоградби, кои се наоѓаат на трасата кон Бугарија (resettlement plan).

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.65/19 Карпош), во предложениот текст.

<u>Точка 2</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-503/19 Куманово), во предложениот текст.

<u>Точка 3</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-504/19 Куманово), во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-505/19 Куманово), во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-506/19 Куманово), во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-507/19 Куманово), во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-508/19 Куманово), во предложениот текст.

## Точка 8

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-509/19 Куманово), во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03 - 510/19 Куманово), во предложениот текст.

## Точка 10

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03 - 511/19 Куманово), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-512/19 Куманово), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-513/19 Куманово), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03 - 514/19 Куманово), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата со Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за наредната седница на Владата, поради потребата Државниот пазарен инспекторат и АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје да се усогласат по предметниот материјал.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање иницијатива и напредок во процесот на усогласување на текстовите на Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Центарот за проценка на ризик во ланецот на исхрана на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика и Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Агенцијата за безбедност на храна на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика, со усогласен текст на договори и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за преземање иницијатива и напредок во процесот на усогласување на текстовите на Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Центарот за проценка на ризик во ланецот на исхрана на

Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика и Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Агенцијата за безбедност на храна на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика.

2. Го прифати новиот усогласен текст на Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Центарот за проценка на ризик во ланецот на исхрана на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика.

3. Го прифати усогласениот текст на Договор помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Агенцијата за безбедност на храна на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика.

4. Се овластува директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, Зоран Атанасов, да го потпише Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Центарот за проценка на ризик во ланецот на исхрана на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика и Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Републиса Северна Македонија и Агенцијата за безбедност на храна на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика.

5. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, до крајот на 2019 година да ја извести Владата за исходот на потпишувањето на Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Центарот за проценка на ризик во ланецот на исхрана на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика и Договорот помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Агенцијата за безбедност на храна на Република Бугарија за соработка во областа на безбедност на храната и ветеринарната политика.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот за реконструкција на спортска сала „Младост“ во Општина Неготино и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач за реконструкција на спортската сала „Младост“ во Општина Неготино.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт за реализација на Проектот за реконструкција на спортската сала „Младост“ во Општина Неготино да ги обезбеди потребните средства во висина од 12.000.000,00 денари, со следниот начин и динамика на плаќање:

- 5.000.000,00 денари за 2019 година и
- 7.000.000,00 денари за 2020 година.

3. Се препорачува на Општина Неготино да обезбеди одобрение за реконструкција на спортската сала „Младост" во Општина Неготино.

**<u>Точка 17</u>**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Основен суд Гевгелија (УСБ меморија и куќиште од персонален компјутер);

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за одбрана (специјален автомобил за транспорт на возила);

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв БМВ 530); -

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено поправна установа затвор Битола (пмв АУДИ А6);

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Росоман (пмв Фолксваген пасат);

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Природонаучен музеј на Република Северна Македонија (пмв Пежо 206);

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈП за стопанисување со државни шуми Национални шуми П.О. Скопје (пмв Опел фронтера);

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Агенцијата за управување со одземен имот (тмв Ренаулт мастер);

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на НУ Центар за култура "Трајко Прокопиев" Куманово (пмв Фолксваген голф варијант);

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв Мерцедес Е 350 ЦДИ);

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Маврово и Ростуше (пмв Тојота хулих);

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Врапчиште (пмв Шкода суперб);

13. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за остапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (специјален автомобил за транспорт на возила).

14. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за остапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Чешиново Облешево (пмв БМ 530).

15. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за остапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија (спмв АУДИ А6) .

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (пмв Порше кајен);

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП за стопанисување со државни шуми Национални шуми П.О. Скопје (пмв Сузуки витара);

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на Општина Илинден (тмв Волво FH 12 420 и Ладилник Пактон Т3 002);

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (пмв Ауди А8);

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Чешиново - Облешево (Трактор ИМТ 542 и тракторска приколица);

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за здравство (пмв Опел зафира);

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (пмв Ауди А6);

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Кривогаштани (пмв БМВ 525);

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност (пмв Фолксваген пасат 2.0);

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје (пмв Тојота ланд крузер);

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв Фолксваген голф 4);

27. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв Мерцедес 500 Ц);

28. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Штип (пмв Ауди А6);

29. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Берово (пмв Фолксваген Голф) и

30. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје (пмв Мерцедес Е270 ЦДИ), во предложените текстови.

## Точка 18

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движна ствар (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (објект и земјиште кои се наоѓаат на ул. Рампо Левката во Прилеп, КП 13641, КО Прилеп) и

2. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (објект и земјиште кои се наоѓаат на ул. Рампо Левката во Прилеп, КП 13643, КО Прилеп),

во предложените текстови.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Здружението за заштита на културното наследство на територијата на Општина Дебар „Деборус“ - Дебар, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ги донесе:

1. Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година и

2. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година (најнов текст),

во предложените текстови.

**Точка 23**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за продажба на недвижни ствари во Охрид, сосопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижна ствар во Кичево, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижна ствар во Кичево, со заклучок истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (производство на електрична енергија-термоелектрана на биомаса и биогас) КО Оздолени, Општина Дебрца, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за

изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (производство на електрична енергија-термоелектрана на биомаса и биогас) КО Оздолени, Општина Дебрца, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со основна класа на намена Б5-хотелски комплекс КО Свети Николе, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со основна класа на намена Б5-хотелски комплекс КО Свети Николе, Општина Свети Николе, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата по Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подигнување на статусот на Република Северна Македонија во Заедницата на демократии и поднесување барање за стекнување статус на земја членка на Управниот одбор на ЗНД, го усвои и го задолжи Министерството за надворешни работи во рок од седум дена да го достави писмото за намери, во кое ќе биде содржано барањето за стекнување статус на земја членка на Управниот одбор на ЗНД до Постојаниот секретаријат на ЗНД.

## Точка 29

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-платформа за учеството на делегацијата на Република Северна Македонија на 74-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации, ја усвои Информацијата и ја прифати Платформата за учеството на делегацијата на Република Северна Македонија на 74-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации.

## Точка 30

Владата ја разгледа Предлог-уредбата за обезбедување на тајност, заштита и безбедност на податоците содржани во Интегриранaта база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи и условно ја донесе Уредбата со заклучок Дирекцијата за заштита на личните податоци да достави мислење по истата.

## Точка 31

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за соработка во областа на борба против трговија со луѓе, со Нацрт - протокол и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Нацрт - протоколот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжува шефот и члeновите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Нацрт - протоколот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе.

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Нацрт - протоколот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена на Владата на Република Северна Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Нацрт - протоколот.

## Точка 32

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Владата на Сојузна Република Германија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во борбата против криминалот, со усогласен текст на Договор, го усвои Извештајот и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Владата на Сојузна Република Германија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во борбата против криминалот.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Сојузна Република Германија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во борбата против криминалот.

3. Се определува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот меѓу Владата на Сојузна Република Германија и Владата на Република Северна Македонија за соработка во борбата против криминалот.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на дополнителни финансиски средства за финансирање на политичките партии за 2019 година и за Партиско истражувачко - аналитичките центри и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди во буџетот на Министерството за правда дополнителни средства во вкупен износ од 12.657.100,00 денари, наменети за редовно финансирање на политичките партии за 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди во буџетот на Министерството за правда средства во износ од 19.672.992,00 денари наменети за партиските истражувачко-аналитички центри (ПИАЦ).

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за пристапувањето на Република Северна Македонија во Стратегијата за Јадранско - Јонскиот Регион и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи за претставник на Република Северна Македонија на политичко ниво на Стратегијата за Јадранско - Јонскиот Регион.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во рок од две недели да ја информира Европската комисија за опцијата „Трет лидер на столб" со темите „Поврзување на регионот" и „Одржлив туризам" и опцијата „Хоризонтален глас" како најприфатливи решенија за приклучување на Република Северна Македонија во Стратегијата за Јадранско - јонскиот регион.

3. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања и Министерството за надворешни работи да определат по еден национален координатор на Стратегијата и за истото да ја информираат Европската комисија во рок од две недели.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да определи координатор за столбот „Син раст“ и за истото да го информира Секретаријатот за европски прашања во рок од две недели.

5. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да определат по еден координатор за столбот „Поврзување на регионот“ и за истото да го информираат Секретаријатот за европски прашања во рок од две недели.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да определи координатор за столбот „Квалитет на животната средина“ и за истото да го информира Секретаријатот за европски прашања во рок од две недели.

7. Се задолжуваат Министерството за економија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да определат по еден координатор за столбот „Одржлив туризам“ и за истото да го информираат Секретаријатот за европски прашања во рок од две недели.

8. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави листата со координатори по столбови до Европската комисија во рок од три недели.

**Точка 35**

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Информацијата за подготовка на Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско - финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој ќе се одржи на 2 октомври 2019 година во Брисел, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем и со следниве укажувања:

- Секретаријатот за европски прашања да ги има предвид укажувањата во мислењата на Министерството за економија и Секретаријатот за законодавство, како и да ги вгради во заклучоците укажувањата од Мислењето од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори на претстојниот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика да не се отвара прашањето за писмото на Европската комисија поврзано со Законот за финансиска поддршка на инвестициите од причина што во врска со истото Владата оформи комисија која работи на одговорите по поставените дилеми и прашања отворени од Комисијата.

- Секретаријатот за европски прашања да обезбеди мислења од Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

## Точка 36

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за правда за децата и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во текстот на Предлог-законот соодветно да бидат вградени забелешките изнесени во Мислењето на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.

2. Во текстот на Предлог-законот, членот 8, Министерството за правда да го усогласи со Секретаријатот за законодавство во однос на одложената примена на Законот.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за правда за децата, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот за отворање на центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика на секои шест месеци да ја информира Владата за прогресот на активностите за отворање на центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Северна Македонија.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на Приватна установа за деца - Детска градинка „Амичи“ во Кочани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватна установа за деца - Детска градинка „Амичи“ - Кочани, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на Приватна установа за деца - Детска градинка „Ујет“ во Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои

Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање одобрение за основање на Приватна установа за деца - Детска градинка „Ујет“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „ТиА“ од Тетово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „ТиА“ во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со потребата од обезбедување на простор за НУ Театар комедија - Скопје за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за култура, во соработка со Даниел Димевски, надворешен соработник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за прашања во областа на спортот и Агенцијата за млади и спорт да ја дополни Информацијата со податоците од финансиски аспект дека не се потребни дополнителни средства за оваа намена (просторно сместување на НУ Театар комедија - Скопје во „Дом на спортови“, за кој се обезбедени финансиски средства), со цел Министерството за финансии да даде ново позитивно мислење.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Република Азербејџан, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Медицински симулациски центар и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да изврши усогласување на текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 46

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 9 став (4) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19), поднесено од пратеникот Хари Локвенец и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 9 од Законот за наставниците и стручните соработнци во основните и средните училишта:

„ (1) Наставникот се избира по пат на јавен оглас и заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година.

(2) Доколку вработувањето на наставникот е на постојно работно место испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кое работно место биле обезбедени финансиски средства, јавниот оглас се објавува по претходно обезбедена согласност од Министерството, за вработување на определено време до крајот на учебната година.

(3) Вработувањата за нови работни места за кои се јавила потреба заради проширена дејност, зголемен број на ученици или промени во наставниот план, огласот се објавува по претходно обезбедена согласност за вработување на определено време до крајот на учебната година од Министерството за финансии преку Министерството за образование и наука.

(4) Лицата од ставот (1) на овој член, кои се вработуваат на постојно работно место испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кое работно место биле обезбедени финансиски средства, можат да заснoваат работен однос и без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца, а по претходно обезбедена согласност од градоначалникот за општинските основни училишта односно министерот за државните основни училишта."

Тргнувајќи од посебното уставно значење и карактер на основното и средното образование, постои уставна можност со посебен закон да се пропишат условите под кои наставникот заснова работен однос на определено време во училиштето, а во тие рамки да се утврдат и одредени критериуми и постапки кои треба да се исполнат за наставник да заснова работен однос во основно/средно училиште. Имено, доколку вработувањето на наставникот е на постојно работно место испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт,

преземање или друго, а за кое работно место биле обезбедени финансиски средства, јавниот оглас се објавува по претходно обезбедена согласност од Министерството, за вработување на определено време до крајот на учебната година. Лицата кои се вработуваат на постојно работно место испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кое работно место биле обезбедени финансиски средства, можат да засноваат работен однос и без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца, а по претходно обезбедена согласност од градоначалникот за општинските основни училишта, односно министерот за државните основни училишта.

Со оглед дека во членот 9 од Законот за наставниците и стручните соработнци во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019) се уредува засновањето на работниот однос на определено работно време и за наставниците во основните државни и општински училишта, така и за наставниците во средните државни и општински училишта/училишта на град Скопје, ставот (4) на членот 9 од Законот за наставниците и стручните соработнци во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019) треба да се толкува во насока дека лицата кои се вработуваат на постојно работно место испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кое работно место биле обезбедени финансиски средства, можат да засноваат работен однос и без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеци, а по претходно обезбедена согласност од градоначалникот за општинските основни и средни училишта/училишта на град Скопје, односно министерот за државните основни и средни училишта.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде автентично толкување на член 9 став (4) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019), во насока на погоре наведеното.

## Точка 47

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 445 КО Подмол на КП бр. 276 викано место/улица Село и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 48

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за користење на правото на првенствено купување на идеални делови од недвижен имот со Имотен лист бр.53043 и Имотен лист бр.53044 за КО Визбегово и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Наташа Велеска од Прилеп за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр.147 за КО Лениште и Имотен лист бр.576 за КО Лениште и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата за купување на недвижен имот по право на првенствено купување со Имотен лист бр.8456 за КО Сарај КП 11271, доставена од нотар Фатмир Ајрули од Скопје и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 51**

1. Владата ја именува Нина Ангеловска, министер за финансии за член на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

2. Владата ја именува Нина Ангеловска, министер за финансии за член на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

3. Владата ја именува Нина Ангеловска, министер за финансии за член на Комисијата за именување.

4. Владата на Елеонора Петрова и утврди престанок на функцијата директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура, поради стекнување услови за остварување на право на старосна пензија.

5. Владата го именува Ацо Костов за директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го именува Митко Крстевски за директор на Управата за семе и саден материјал, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата за претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија ги именува:

а) за претседател
- Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора

б) за генерален секретар
- м-р Билјана Прентоска, генерален секретар на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија

в) за членови

- Јани Макрадули, заменик министер за животна средина и просторно планирање,
- Владимир Лазовски, заменик министер за култура,
- Александар Бајдевски, заменик министер за информатичко општество и администрација,
- Фатон Фазлиу, шеф на Кабинет на министерот за култура,
- Светлана Гелева, од Министерство за надворешни работи,
- Назиктере Сулејмани, од Министерство за образование и наука,
- Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Дарко Каевски, директор на Агенција за млади и спорт,
- Џеладин Ајвази, заменик национален координатор спречување на насилен екстремизам,
- Христијан Ѓоргиевски, советник во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
- Ацо Костов, директор на Управата за заштита на културното наследство,
- Даниела Николова, вршител на должноста директор на НУ Музеј на македонската борба и
- Мартин Пановски од Асоцијацијата на архитекти на Република Северна Македонија.

Со именувањето на претседателот, генералниот секретар и членовите на Националната комисија за УНЕСКО на досегашниот претседател, генерален секретар и членовите им престанува должноста.

## Точка 52

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 2 септември 2019 година до 8 септември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**3.** По повод Барањето за покровителство на Асоцијацијата на спортски новинари на Југоисточна Европа до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-2755/1 од 4 септември 2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на Меѓународниот симпозиум „Спортот за државата и државата во спортот“, Владата заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија Раздел 04001, Програма 1 - Администрација, Потпрограма 10 - Администрација, 464 - Разни трансфери да уплати 60.000 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект.

**4.** По повод Барањето за финансиска поддршка на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-2705/1 од 30.8.2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на 24 Републички пензионерски спортски натпревари, Владата заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 - Администрација, потпрограма 10 - Администрација, 464 - Разни трансфери да уплати 30.000 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект

**5.** По повод Барањето за покровителство на Бошњачко - националниот совет до Канцеларијата на претседателот на Влада на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-2578/1 од 12.8.2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на „28 Септември - Денот на Бошњаците", Владата заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 - Администрација, потпрограма 10 - Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 100.000 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект

**6.** Владата го разгледа Барањето за финансиска поддршка на Мотоциклистичка федерација на Македонија до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр. 08 - 2706/1 од 30.8.2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на Мото Рели „Македонија" и притоа заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија раздел 04001, програма 1 - Администрација, Потпрограма 10 - Администрација, 464 - Разни трансфери да уплати 30.000,00 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект.

**7.** По повод Барањето за финансиска поддршка на Здружението на граѓани „Од нас за нас" до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр.08-2738/1 од 3.9.2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на научната конференција „Вакцините во 21 век - предизвици со кои се соочуваме", Владата заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија, раздел 04001,

програма 1 -Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери, да уплати 30.000,00 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект.

**8.** Владата донесе Решение за дополнување на Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, со кое Комисијата се дополнува со нов член Фатиме Коха од Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, Хисен Џемаили.

**9.** Владата ја задолжи Националната установа Конзерваторски центар - Скопје да достави извештај за реализирање на Програмата за 2018 година и да извести за текот и степенот на реализација на програмата за 2019 година.

Истовремено, Владата го задолжи министерот за култура да одржи работен состанок со директорот на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје во врска со суштината и содржината на проблемите околу не издавањето на конзерваторски одобренија и за истото да ја информира Владата.

**10.** Владата формира работна група за поддршка на Преспанскиот Регион кој ќе соработува со локалната самоуправа и ќе биде во контакт со Европската комисија околу осмислување на нов пристап кон Регионот и со истата да раководи Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, а членови да бидат м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Агенцијата за поддршка во земјоделството и руралниот развој (што до потпишувањето ќе бидат доставени до Владата) и Марјан Забрчанец и Бојан Маричиќ, советници на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Одлуката за формирање на работната група за Преспанскиот Регион да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

## Точка 53

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година во Министерството за надворешни работи, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за надворешни работи да пристапи кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година во Министерството за надворешни работи, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на активностите поврзани со изработка на Државната урбанистичка планска документација за Технолошко индустриска развојна зона - Липково, КО Никуштак, Општина Липково, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за берзанско работење „Агро-Берза" - Скопје за периодот април - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со намалување на рокот од 15 дена во кој Управата за јавни приходи изготвува решение за ДДВ регистрација, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за период од 1 јануари до 30 јуни 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот - Изградба на дел од фекална канализација за Индустриска зона Визбегово, Општина Бутел, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски да ги обезбеди потребните средства за плаќање на преземените обврски во рамките на сопствениот буџет за 2020 и 2021 година.

**Точка 59**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за завршени преговори за потпишување на Спогодба помеѓу Владата на Црна Гора и Владата на Република Северна Македонија за заедничко признавање на доверливи услуги кои се користат во Црна Гора и Република Северна Македонија, со усогласен текст на Спогодбата и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Владата на Црна Гора и Владата на Република Северна Македонија за заедничко признавање на доверливи услуги кои се користат во Црна Гора и Република Северна Македонија.

2. Го определи Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација да ја потпише во името на Владата на Република Северна Македонија Спогодбата помеѓу Владата на Црна Гора и Владата на Република Северна Македонија за заедничко признавање на доверливи услуги кои се користат во Црна Гора и Република Северна Македонија.

## Точка 60

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Реј греен ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Реј греен ДОО Скопје со заклучок предлагачот да изврши усогласување на текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство и да обезбеди мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 62

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 18.9.2019 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува лицето Исмаиљ Љума, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Собранието на акционерите на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 18.9.2019 година.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го извести ЕВН Македонија АД Скопје за издаденото полномошно.

3. Се овластува полномошникот да гласа „ЗА“ по сите точки од Процедуралниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 18.9.2019 година.

4. Се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија по однос на Работниот дел од Дневниот ред на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 18.9.2019 година:

4.1. По однос на точките 1 и 2: Предлог-одлука за измена на фирмата ЕВН Македонија АД Скопје (заведена под бр.02-1835/2-1 од 5.8.2019 година) и Предлог-одлука за измена на Статутот на ЕВН Македонија АД Скопје 02-2266/1 од 29.6.2017 година (заведена под бр.02-1835/2-2 од 5.8.2019 година), да предложи називот на друштвото наместо предложеното „ЕВН Акционерско друштво за услуги Скопје“, да биде „ЕВН Акционерско друштво за услуги Северна Македонија“, односно скратениот назив на друштвото наместо предложеното „ЕВН АД Скопје“ да биде „ЕВН Северна Македонија АД Скопје“.

4.2. Да гласа „ЗА“ по точката 3.

## Точка 63

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 64

Владата ја донесе Одлуката за именување на гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој, во предложениот текст.

## Точка 65

Владата ја донесе Одлуката за именување на гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите, во предложениот текст.

## Точка 66

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2019 година и условно ја донесе одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 67**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2019 година, со заклучок Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија текстот на Програмата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата со барање за обезбедување на финансиски средства за изработка на проектна документација и реализација на пречистителна станица за отпадни води за населено место Арачиново, општина Арачиново, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да обезбеди финансиски средства во буџетот за изработка на проектна документација и реализација на пречистителна станица за отпадни води за населено место Арачиново, Општина Арачиново.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**